Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22), Општина Битола, на ден 04.10.2022 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А.4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Ниже Поле, Општина Битола потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А.4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Ниже Поле, Општина Битола се определуваат следните: општина Битола, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН.

3. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А.4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Ниже Поле, општина Битола, за чија изработка е одговорно Архинова ДООЕЛ Битола, а го донесува општина Битола, донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А.4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Ниже Поле, општина Битола ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух, влијание врз биодиверзитет, влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Битола на следната веб адреса: www.bitola.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 08-1080/2022
Место Општина Битола

Градоначалник
Тони Коњановски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А.4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Ниже Поле, општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Архинова ДООЕЛ Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Маријана Стефановски, диа<br>бр. овл. 0.0140 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Ул. Кузман Јосифовски бр. 88, 7000 Битола<br>телефон: 047/257-744 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), урбанистичкиот проект се изработува врз основа на добиените услови за планирање на просторот. Добиените Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план согласно член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање (сл. в. на РСМ бр.32/20), за уредување на земјиште со намена А.4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Нижеполе, Општина Битола се изработени од Агенцијата за просторно планирање со технички број Y15222 од јуни 2022 год., согласно член 62 став (4) точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), истите се составен дел на графичките прилози на документационата основа на овој урбанистички проект. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да √<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Предметната локација досега не била опфатена со урбанистички план, општ акт или урбанистичко-планска документација, а од Општина Битола е добиено Уверение дека проектната парцела се наоѓа надвор од градежен реон, воедно не е во опфат на тековни урбанистички планови или одобрени урбанистички проекти. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање и туризам. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член:/ | Точка:/ | Алинеја:/ |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |

| |
|---|
| Површината на планираниот опфат изнесува 2878 м$^2$. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Изградбата на викенд куќа за времен престој на КО Нижеполе Општина Битола, ќе биде во функција на поттикнување на развојот на туристичките активности и согласно определбите од „Просторниот план на Република Македонија“ треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Предмет на планскиот документ е планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2022 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план согласно член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање (сл. в. На РСМ бр. 32/20), за уредување на земјиште со намена А.4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Нижеполе, Општина Битола, се наоѓа југоисточно од градот Битола, во село Нижеполе. Проектниот опфат е согласно границите на КП бр. 567/2, КО Нижеполе. Површината на проектниот опфат изнесува 2.878m2, а истиот е лоциран на оддалеченост од приближно 16.0km западно од центарот на градот Битола, односно 1.5km од село Нижеполе.<br>Границата на проектниот опфат подетално може да се опише на следниот начин:<br>• на север граничи со: КП бр. 560, и во многу мал дел со КП бр. 546<br>• на исток граничи со: КП бр. 548<br>• на југ граничи со: КП бр. 577/1 и КП бр. 568<br>• на запад граничи со: КП бр. 567/1 и во мал дел со КП бр. 733/2<br>Во парцелата се пристапува преку локален пат за село Нижеполе и истиот до градежната парцела ќе биде обезбеден од катастарската парцела 733/2 (култура – патишта, сопственост на РСМ). |


Нижеполе
Нижеполе
Викенд куќи и други објекти за времено сместување
Y17506
Битола
Нижеполе
Y14108
Горно Селе






| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<ul><li>Расчистување на вегетација, движење на механизацијата по неасфалтирани патишта, складирање на материјали на несоодветни локации;</li><li>Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава;</li><li>Евентуални пропуштања и истекувања на масло од возилата или опремата;</li><li>Создавање на различен вид на отпад (вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт итн).</li></ul></td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени и ќе биде во насока на подобрување на климатските промени.<br>Во оперативната фаза со планските содржини се очекуваат влијанија кои се поврзани со присуство на зголемен број туристи и возила. Овие влијанија се очекува да бидат во летниот и зимскиот период во годината.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии.</td></tr>
</table>

**Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).**

Во 2002 година подрачје на општината Битола го опфаќаше градот Битола и 18-те села: Братиндол, Брусник, Буково, Горно Оризари, Долно Оризари, Дихово, Карамани, Крклино, Лавци, Логоварди, Магарево, Нижеполе, Орехово, Поешево, Раштани, Снегово, Трн, Трново.

| Општина Битола | Вкупно население | Домаќинства | Станови (сите видови живеалишта) |
|---|---|---|---|
| **Вкупно население во општина Битола** | **86408** | **26387** | **33232** |
| Град Битола | 74550 | 23010 | 28155 |
| 18 села | 11858 | 3377 | 5077 |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, продолжување на трендот на добра туристичка понуда, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.
Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето.

**Посебни природни карактеристики или културно наследство**

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор се наоѓа во непосредна близина заштитен НП Пелистер.
На подрачјето кое е предмет на анализа има регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):
Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање доставено е барање за добивање на податоци и информации Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, но истите не имаат доставено податоци во законскиот рок.
Во границите на планскиот опфат не постојат градби или споменички целини од културно-историско значење ниту културни предели значајни од заштитно-конзерваторски аспект.

| | |
|---|---|
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во границите на планскиот опфат не постојат градби. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Предметниот простор се наоѓа во непосредна близина заштитен НП Пелистер. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

| |
|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Битола, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектот;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Природно наследство: предметниот простор се наоѓа во непосредна близина заштитен НП Пелистер;<br>Културно наследство: Во границите на планскиот опфат не постојат градби или споменички целини од културно-историско значење ниту културни предели значајни од заштитно-конзерваторски аспект;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.<br>Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги** |

**разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена А.4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр. 567/2, КО Ниже Поле, општина Битола е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Со овој Извештај за Стратегиска оцена на животна средина ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Тони Коњановски |
| **Бр. 08-1080/2022**<br>**Датум** 04.10.2022<br>**Место** Општина Битола | М.П. |